


## Ноември – Светски месец на машкото здравје

Ракот на простата е втора причина за смртност кај мажите, 1,4 милиони луѓе годишно се дијагностицирани со ова заболување.

**РАНОТО ОТКРИВАЊЕ Е КЛУЧНО ЗА УСПЕШНО ЛЕКУВАЊЕ!**

**Ризик фактори: возраст, мажи со семејна историја на болеста, мажи од африканско и карипско потекло...**

**Рано откривање со помош на ПСА ТЕСТ:**

Се открива присуството на Простата специфичен антиген (ПСА) во крвта. За тестирање на ПСА обратете се кај вашиот матичен лекар, кој понатаму ќе ве упати до установа каде што се врши ова тестирање. Во зависност од вашата возраст и дали припаѓате на некоја од ризичните групи, можеби ќе биде потребно да направите дополнителни испитувања. Тоа се ЕХО на простата и дигиторектален преглед на истата.

**Факти за ракот на простата:**

Само мажите имаат простатична жлезда. Простатата обично е со големина и облик на орев и расте како што стареете. Се наоѓа под мочниот меур и ја опкружува уретрата, преку која мажите уринираат и ејакулираат. Неговата главна работа е да помогне во создавањето на семената течност.

Рак на простата во почетниот стадиум може да биде без никакви симптоми, за подоцна да се јават : крв во урината, проблеми со уринирање, слаб и испрекинат млаз, со зачестено ноќно мокрење, еректилна дисфункција, болка, неконтролирани нагони за мокрење.

**Третман на рак на простата се движи од:** само опсервација, хируршко отстранување на простата, радиотерапија, хемотерапија, хормонска терапија

**Состојба во Република Македонија:**







Извор: ИЈЗ на Р.С.Македонија

**ПРЕПОРАКА:**

*Ако имате 50 години, треба да разговарате со вашиот лекар за тестирање на ПСА. Ако имате фамилијарно потекло, односно брат или татко со рак на простата во нивната историја, треба да го започнете тој разговор на 45 години*